## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 22.04.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 11 | 1842/1 | | |

### ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
### ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** **<u>контролен</u>**

**2. Субјекти на надзорот:** Друштво за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар

**3. Датум на извршување на надзорот:** 17.04.2025 година.

**4. Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши со цел да се утврди дали операторот постапил по Решението за преземање мерка – јавна опомена во рокот определен во истото, односно до Агенцијата да доставува сигнал со иста задржина со онаа што им е достапна на неговите претплатници, а во согласност со член 144 став 3 од ЗАВМУ.

**5. Претходно изречени мерки:**

Решение за преземање мерка – јавна опомена (Уп.1 бр.11-20 од 31.01.2025 година), со кое на операторот му се наложува во рок од 30 дена по приемот да го усогласи своето работење со член 144 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Решението е донесено врз основа на Писмен извештај за извршен вонереден програмски надзор бр.11-328/1 од 23.01.2025 година.

Решението е уредно примено на 13.02.2025 година.

**6. Констатација од надзорот:**

Со контролниот надзор врз операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар, констатирано е дека операторот постапил во целост по упатеното решение.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**